ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 13.10.2015

# СООПШТЕНИЕ

## Директорите на ФЗО во работна посета на Хрватска за размена на искуства и унапредување на соработката меѓу фондовите и здравствените установи на Македонија и Хрватска

Денес во еднодневна работна посета на Република Хрватска се д-р Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани, директори на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.



Тие остварија официјална средба со директорката на Фондот за здравствено осигурување на Хрватска, Татјана Пендја Трупец, на која беше разговарано за продлабочување и унапредување на соработката меѓу двата фонда, но и за зголемување на соработката меѓу здравствените институции на двете земји, размена на кадар, специјализации и суб-специјализации на македонски лекари во хрватските болници. Директорите ја искористија можноста да поканат хрватски лекари во Република Македонија кои со македонските колеги ќе работат на воведување нови методи на работа во здравствените институции.

На средбата директорите разговараа и за правото и начинот на користење итна и неопходна здравствена заштита на осигурените лица од Македонија кои од различни причини престојуваат во Република Хрватска и таму користат здравствени услуги. Директорот на ФЗОМ, д-р Сашо Стефаноски на средбата разговараше за модалитетите на примената на двојазичниот образец, кој на осигурениците на Фондот за здравство на Македонија им служи како привремена здравствена легитимација во Хрватска.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Врз основа на истиот, тие можат да користат итни и неопходни здравствени услуги и за истите ќе треба да платат само лично учество (партиципација), болнички ден или слично, согласно со нивните закони.



Директорот на ФЗОМ, Орхан Рамадани информираше за степенот на успешност на здравствените услуги во здравствените установи за одредени лекувања во Република Македонија.

Директорката на хрватскиот Фонд за здравство, Татјана Пендја Трупец, изрази подготвеност за унапредување на соработката во сите сфери на здравството, а исто така ја информираше македонската делегација за новините и проектите кои се воведуваат и реализираат во Хрватска.

Во рамките на работната посета на Хрватска, директорите Стефаноски и Рамадани го посетија клиничкиот центар „Ребро“, каде остварија средба со Хрвоје Врчич, директор на клиничкиот центар и разговараа за можноста македонски лекари да се едуцираат во овој центар. Директорите го посетија и клиничкиот центар „Дубрава“, каде реализираа работен состанок со г-дин Марко Банич, директор на клиничкиот центар и разговараа за зголемена соработка со македонските здравствени институции. Исто така, го посетија и клиничкиот центар



Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

„Меркур“, каде се сретнаа со др. Динко Шкегро, директор на центарот и разговараа за можноста за размена на искуства и кадар.

Сфера на интерес на посетата на македонската делегација е и соработката со Клинички Центар - Загреб, која започна во февруари 2015, каде се реализираат специјализации и суб-специјализации на македонски лекари. Во тек се реализираат следниве специјализации: специјализација по анестезиологија и интензивно лекување, специјализација по абдоминална хирургија, специјализација по гастроентерологија, две специјализации по кардиологија.



Започнати се и суб-специјализациии од областа на кардиохирургија. При крај се активностите за завршување со административната процедура за: суб-специјализација по интервентна кардиологија и специјализација по детска хирургија. Воедно, побарани се согласности и ментори од КЦ Загреб за специјализација по интерна медицина (за интервентна кардиологија) за македонски доктори.

Накусо, реализирани се вкупно шест едукации и тоа во: Клинички Центар Загреб, КЦ Ребро Загреб, Центар за лимфна дренажа Загреб.

На средбите беше договорено соработката да продолжи и понатаму преку размена на информации и искуства кои ќе придонесат за понатамошно унапредување на здравствениот систем.